Центар за Управување со Промени



# Годишен извештај 2016

# Содржина


| | |
|---|---|
| Вовед | 2 |
| Проектни активности | 3 |
| Регионални активности | 12 |
| Финансиски извештај | 14 |


ЦЕНТАР ЗА
УПРАВУВАЊЕ СО
ПРОМЕНИ

Политичката и институционална криза со која се соочи Република Македонија во изминатите години, а која кулминираше со објавувањето на нелегално прислушуваните телефонски комуникации во 2015 година, сведочеа за целосната нефункционалност на институциите, за селективната правда, за правна несигурност на граѓаните, односно за целосно нарушени принципи на владеење на правото во државата. Ваквите состојби резултираа со масовни протести на граѓаните кој ја обележаа 2016 година како година на „шарената революција" Излезот од кризата се бараше во предвремените парламентарни избори кој се случија во декември 2016 година.

Во оваа година, на неизвесност и политичка нестабилност Центарот за управување со промени работеше во оние области кои сметавме дека се важни за унапредување на демократските состојби во државата и надминување на непропорционалната надмоќ на политиката и на нејзините институции врз граѓаните, и со следните приоритети:

- Промовирање на принципите на слобода на изразување и слобода на печат преку проектот *Истражувачко новинарство - чувар на демократијата и човековите права.* Имено, проектот беше насочен кон зајакнување на медиумите и граѓанските организации кои работат во оваа сфера и да овозможи амбиент за остварување на слободата на изразување и медиумски интегритет.

- Зајакнување на улогата на граѓанските организации во следење и оценка на јавните политики, користејќи ги инструментите на ех-анте и ех-пост оценка вклучително и оценка на трошоците, преку проектот:

*Поголема партиципација - подобри политики и регулативи.* Проектот анализираше две клучни области образование – односно ефектите на екстерното тестирање и јавни услуги

најфрекфентните административни

услуги кои граѓаните ги добиваат од институциите.

- *Граѓанинот на прво место,* во кои отворивме дебата за потребата од донесување на воедначени принципи и стандарди за транспарентност и отчетност во локалната власт, кои мораат да бидат јавно објавени од страна на локалните власти. преку концепт на отворени податоци.

- И *Следење на административната правда,* во која се обидовме да ја поткренеме свеста на јавноста за потребата од градење на ефикасна јавна администрација во интерес и во служба на сите граѓани со високи стандарди во работењето.

Веруваме дека овие приоритети се исклучително важни во градење на одговорна власт под демократска контрола, во која инструментите за таквата контрола се независното судство, професионалната администрација ,самостојна локална самоуправа, доброто обрзование, слободата на здружувње и, се разбира, слободниот печат.

---- *Неда Малеска Сачмароска*
*Извршен директор*

# *„Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“*

Проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ придонесува кон зајакнување на граѓанските организации кои делуваат во областа на слободата на изразување и медиумите и го подобрува нивното влијание врз процесот на креирање политика во однос на слободата на медиумите, ја подобрува соработката меѓу нив, како и го поддржува медиумскиот интегритет и ја зголемува професионалноста на новинарите и медиумски организации со цел потполно да ги исполни критериумите за членство во ЕУ. Еден од најважните резултати е воспоставување платформа за соработка на граѓански организации (преку програма за регрантирање) и медиумски организации, врз основа на која активно ќе се промовира истражувачкото новинарство во областа на човековите права и правосудството (Глава 23 и 24) и професионалните стандарди и етика. Платформата ќе биде поддржана со веб-портал и со промовирана преку три медиуми со големо влијание: Телма (телевизија), Фокус (неделник) и Novatv.mk (веб-портал), кои се соработници на проектот. Најдобрите практики и релевантните научени лекции ќе бидат вградени во работата на избраните граѓанските организации и медиумски организации кои спроведуваат проекти финансирани во рамки на овој проект.

“Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ е проект чија што генерална цел е да ги зајакне медиумите и граѓанските организации и да овозможи амбиент за остварување на слободата на изразување и медиумски интегритет како клучен елемент за понатамошна поддршка на Р.М. во процесот на пристапување во Европска Унија (ЕУ).

Проектот е финансиран од страна на Европската Делегација - Поддршка на граѓанските организации во рамките на граѓанското општество и слободата на медиумите 2014 и кофинансиран од Британската амбасада во Скопје. Започна да се реализира на 1 јануари 2016 година и ќе трае до 31 декември 2017 година.



Специфични цели на проектот се:

•Да се подобрат условите за квалитетно и достојно за доверба истражувачко новинарство кое ќе биде на располагање на граѓаните во областа на човековите права и судството (Поглавје 23 и 24 од правото на ЕУ);

•Да се зголемат капацитетите на граѓанските организации кои работат во областа на слободата на изразување и медиумите, подобрување на нивното влијание врз процесот на креирање политики во однос на слободата на медиумите и да се подобри нивната соработка преку воспоставување на платформа за дијалог;

•Да се придонесе кон овозможување на правна, регулативна и политичка клима за остварување на слободата на изразување и медиумскиот интегритет.

Во текот на 2016 година се постигнати следните резултати:

• Зголемена е медиумската писменост и разбирање на улогата на професионалното и на етичкото новинарство во печатените и електронските медиуми.

• Зајакнат е интегритетот на медиумите и професионалноста на новинарите и медиумските здруженија преку обуки од реномирани светски истражувачки новинари.

• Подобрени се условите за поголема присутност на истражувачкото новинарство преку современи / иновативни пристапи во областа на човековите права и судството (Поглавје 23 и 24) и стимулирана е потребата за квалитетно новинарство. Ова е постигнато преку зголеменото производство на истражувачки стории согласно највисоките професионални стандарди од страна на:

- студентите по новинарство преку обуки одржани на трите релевантни универзитети, летната Школа за истражувачко новинарство и стажирањето за најдобрите студенти во трите медиуми-соработници во проектот

- граѓанските организации чии проекти за промовирање на истражувачкото новинарство се финансираат во рамки на проектот



За промовирање на проектот во јавноста се одржа и конференција на тема „Нова генерација истражувачки новинари – предизвици и перспективи“ која беше одлично медиумски покриена. На конференција беа презентирани активностите на проектот, беа доделени наградите за трите најдобри истражувачки стории на обучените студенти и се одржа панел дискусија на тема колку студиите по новинарство одговараат на денешните услови во кои се спроведува истражувачко новинарство.

## *„Поголема партиципација – подобри политики и регулативи”-*

Проектот се реализираше во времетраење од 15 месеци од 01.08.2015 до 31.10.2016 година, со опфат на 10 месеци во текот на 2016 година. Тоа практично го опфаќа поголемиот тек на проектот и активностите кои беа спроведени според предложениот план и динамика.

Задачите беа во целост реализирани за време на периодот на спроведување на проектот со неколку клучни потточки како фокус на постигнувањата:

- Вклученост на граѓанските организации (ГО) во процесот на консултации за потенцијални теми од интерес на граѓаните;
- Обука и градење вештини на ГО за проценка на влијанието на регулативата и понатаму, избор и анализа на две релевантни теми низ кои ќе се активира процес на креирање и ревидирање политики;
- Започнување и финализација на соодветните анализи и текот на процесот со кој понатаму ќе се предложат соодветни предлог мерки;
- Пошироко усогласување на изведените препораки и предлог мерки во однос на креирање или ревидирање на соодветните политики.
- Дел на публикување на анализите и дисеминација на информациите и препораките до сите засегнати страни со цел усвојување на сите или на дел од предложените препораки;

Во делот на вклученост на организациите, проектот објави повик за учество на ГО уште кон крајот на 2015-та година. Интерес за учество пројавија 17 ГО кои номинираа 22 претставници чие поле на интерес се однесуваше на теми и програми на организациите поврзани со креирање политики и развој на демократијата. Истите претставници станаа дел од процесот на обуки и консултации и станаа перманентна група која го гради својот капацитет за идни реформи и засилено влијание во процесот на оценка и креирање на јавните политики. Во однос на градењето вештини, беа спроведени серијата на обуки. Истите се организираа во периодот од јануари до март 2016-та година на тема анализа и евалуација на политики и стекнување на разновидни техники и алатки за анализа. Во однос на стекнатите знаења и изградени вештини, вклучените претставници беа задоволни со повеќе од 85% од случаите. Обуките придонесоа за развивање на вештините на прилагоден материјал, низ разновидни симулации и вежби, како и развивање на активни и интерактивни вежби за индивидуална и групна работа. На тој начин се зголемуваше и свеста околу можностите за засилено влијание на граѓанските организации

во процесот на евалуација на јавните политики и донесување на одлуки, притоа применувајќи различните алатки во циклусот на креирање на политики.



Понатаму во се премина на избор на теми за понатамошна анализа низ одредени техники за приоретизирање и усогласување на мислењата на ГО. Едната тема што беше избрана за ex-post анализа или анализа на веќе спроведена политика, беше анализата на ефектите од екстерно оценување воведено во РМ пред неколку години. Втората тема беше избрана од неколку предлози на нови политики кои би можеле да се воведат во нашата земја, а беше избрана анализата за воведување нови електронски услуги за одредени административни потреби за граѓаните.

За секоја тема беа обезбедени и ментори кои имаа за цел да помогнат во утврдување на методологијата, избор на алатки за истражување и анализа итн. Претставниците на ГО понатаму се поделија на две работни групи според интересот за работа на конкретната политика. Заедно со менторите и проектните тимови од ЦУП и ЗИП Институт започнаа да ги прибираат податоците и анализираат политиките. Заклучно со март 2016, методологијата беше точно утврдена – во однос на тоа кој и како се вклучува во прибирањето податоци. Во текот на месец април и мај беа изработени сите алатки со кои ќе се приберат податоците. Истите беа дополнително специфицирани како вид на прашалници, барања за пристап до информации од јавен интерес, одредени протоколи за набљудување по принцип на таен клиент, анализа на трошоци итн. Истовремено проектниот тим ги подготви и потребните дописи и писма до институциите. Податоците се прибираа во тек на месец јуни и јули, а самата обработка беше направена во тек на месец август.

Со почетокот на септември 2016, анализите беа успешно спроведени со помош на претставниците од ГО кои беа вклучени и нивните соработници на територија низ цела Македонија. Во однос на добиените наоди и препораките, во текот на месец септември и почетокот на октомври се одржаа две тематски дискусии, кои беа организирани со околу 30 релевантни организации и институции во секоја од посочените области. На самите средби се развија конструктивни дискусии и се потврдија поголемиот дел од предложените препораки и предлог мерки. Делот на публикување на анализите се заокружи во средината на месец октомври и потоа, информациите беа дисимилирани до повеќе од 60 релевантни организации и институции. Податоците и заклучоците беа испратени до 5-8 релевантни институции, околу 25 ГО кои работат во соодветната област, околу 33 средни училишта, парламентарната комисија за образование, 15-16 поголеми политички партии итн. До сите наведени



организации и институции беа испратени соодветни дописи и писма, публикуваниот прашалник и скратена форма од препораките. Со дел од нив беа побарани и остварени директни средби - МИОА, МО, МТСП и др. Со оглед дека со завршетокот на месец октомври 2016 се заокружи и процесот и текот на политичката криза, распуштањето на парламентот веднаш потоа и започнувањето на изборната кампања, проектот успеа да го заокружи својот тек, но и да продолжи со притисокот и напорите да ги спроведе препораките во практика. Во тој дел беше осмислен и еден медиумски настап – со подготвен прилог и изјави за ТВ Телма, кој се пренесе на уште неколку телевизиски канали. Дополнително, информациите беа објавени на веб страниците на ЦУП и ЗИП Институт како партнерска организација, како и на социјалните мрежи.

Клучните постигнувања на проектот беа постигнати во целост и накратко се однесуваат на создавање на една неформална група од околу 15 граѓански организации (ГО), кои се соодветно тренирани низ обуки и пракса да изведуваат компетентни анализи за политиките во нашата држава според методологија на РИА (regulatory impact assessment или т.н процена на влијанието на регулативите - ПВР). Дополнително проектот успеа да ги обезбеди следните резултати:

- 17 невладини организации и 22 нивни делегирани претставници беа обучени и вклучени во процесот на анализа преку обука и менторски пристап, за да изготват анализи според методологијата на РИА (regulatory impact assessment или проценка на влијанието на политиките)
- Изготвена една ex post анализа и истражување на тема екстерно оценување со повеќе од 12 практични препораки за подобрување на тековната политика
- Изготвена една ex ante анализа за воведување на електронски административни услуги за граѓаните

за 12 вида услуги, со соодветно предвидување за трошоци и заштеди на институциите и граѓаните во наредните 5 години

• Дисеминирани информации до повеќе од 60 релевантни организации и институции за наодите од изготвените анализи и медиумска покриеност на неколку ТВ канали и социјални мрежи

## *„Граѓанинот на прво место“ постигнувања во 2016 година*

Центарот за управување со промени се фокусираше на имплементација на клучните активности од рамките на проектот “Граѓанинот на прво место”. Проектот е финансиран од Сектор за централно финансирање и склучување на договори на Министерството за финансии на Република Македонија, во рамките на Националната програма за помош при транзиција и институционална надградба 2011, а кофинансиран од Британската амбасада. Проектот има за цел подобрување на транспарентноста на единиците на локалните самоуправи преку воспоставување на стандарди за отворени на локално ниво, заради подобро вклучување на граѓаните и граѓанските организации во следењето на работата и донесувањето на одлуки од страна на општините.

Во рамките на проектот беше изработена сеопфатна анализа која опфати:

* анализа на релевантната законска рамка со која се уредува обврската на локалните самоуправи да прибираат податоци и водат регистри;

* компаративна анализа на најдобрите практики во ЕУ за објавување на отворени податоци;

* теренско истражување на јавното мислење на граѓаните за потребите на податоци и информации од локалните самоуправи – преку теренска анкета на 1300 испитаници и фокус групи во 8-те урбани центри;

* анализа на праксата на сите локални самоуправи да објавуваат информации на нивните веб страници (барометар на веб транспарентност).

Сублимираните резултати од овие анализи беа инкорпорирани во една публикација која дава препораки за мерки кои треба да се преземат за подобрување на транспарентноста на единиците на локалните самоуправи, и објавување на отворени податоци.

Заради подобрување на капацитетите на граѓанските организации и локалните самоуправи во областа на веб транспарентноста и значењето на отворените податоци, беа организирани регионални обуки во три региони на тема „Концептот на отворени податоци и Отворено Владино Партнерство“. Секоја обука опфати по околу 30 учесници.

Изработени се два документи, кои ги претставуваат главните резултати на проектот:

Кодекс на транспарентност на единиците на локалната самоуправа, со кој се идентификува опсегот и структурата на информациите, како и фреквенцијата на ажурирање на



информациите на веб страниците на локалните самоуправи. Исто така, овој документ ги дефинира сите податочни сетови кои треба локалните самоуправи да ги прибираат, дигитализираат и објавуваат како отворени податоци (во дефинирана структура и динамика на ажурирање).

Насоки за отворени податоци во единиците на локалната самоуправа, со кој се даваат практични ИКТ насоки за како локалните самоуправи да објавуваат отворени податоци, вклучувајќи технички и организациски мерки.

Заради реализација на проектните активности, воспоставена е соработка со претставници на локални граѓански организации, единиците на локалната самоуправа, а Министерството за локална самоуправа и Министерството за информатичко општество и администрација се активно вклучени во реализацијата на проектот преку номинираните лица во Управниот комитет на проектот.

## *Следење на “административната правда”*

Проектот „Следење на административната правда“ започна во август 2016-та година и ќе се спроведува до март 2018 година како проект кој ја следи ефикасноста и ефективноста на јавната администрација во Република Македонија. Проектот е финансиран од страна на Британската амбасада во Скопје.

Во текот на проектот се следат и мониторираат разновидни состојби од областа на ефикасност на јавната администрација и спроведувањето на Законот за државни службеници, Законот за административни службеници, како и Законот за општа управна постапка и се прибираат разновидни индикатори, се анализираат утврдените состојби, се дискутира со релевантните субјекти и се предложуваат мерки за унапредување на состојбите во јавната администрација. Истовремено се јакне свеста кај поширокото население за административната правда како еден од главните столбови на демократско владеење и фундаментален принцип за владеење на правото.

За време на тековната 2016-та година ЦУП спроведе 5 месеци од имплементацијата на овој проект и за тоа време успеа да го воспостави проектот на темелна основа и да ги прибере поголемиот дел од податоците за првиот квартал на следење. Проектот најпрво го состави тимот од искусни експерти и практичари во оваа област и подготви разработена матрица со теми и индикатори за следење на најважните состојби поврзани со ефикасна јавна администрација. Темите кои беа разработени се однесуваат на: вработување во државната и јавната



администрација, постапки за вработување и селекција на вработени, воведување и усовршување во работата, мобилност на вработувањата и преместувања од една во друга институција на државната и јавната администрација итн. Понатаму, беа разработени теми во однос на следење на учинокот од работата и оценување базирано на заслуги, како и можности за напредување и систем за кариерен напредок кој би бил спроведен во институциите на објективна основа. Конечно, разработен е и системот за задоволство на граѓаните од одредени услуги, како најбитна алка во овој процес. Врз основа на матрицата која е разработена, понатаму е подготвен протокол за следење со конкретни индикатори, како и методи за прибирање на податоци.

За потребите на прибирање на податоците и информациите, беа изработени:

- специфични барања за слободен пристап до информациите од јавен карактер и беа упатени до околу 120 институции кои го сочинуваат примерокот за набљудување во врска со овие теми,
- детална анкета и прашалник за граѓаните чии спроведување на терен се планира за првиот квартал од наредната 2017 година

Добиените податоци беа внесени во соодветна база на податоци и беа обработени според одредени пресметки и сликовито претставени во облик на табели, графикони или друг вид илустрации разбирливи за граѓаните. Овие податоци се претставуваат пред граѓаните и вработените во администрацијата и се бараат можни решенија за одредени проблеми кои биле пронајдени. Текот на проектот е проследен со разновидни средби во рамките на институциите со административните службеници, со одговорните во соодветните институции и граѓаните. Тоа се прави преку соодветни објави, јавни средби, дебати, институционални средби и состаноци за донесување одредени одлуки, конференции на кои се бараат и нудат одредени излезни решенија и сл.

Прашањето на вработувањето, обемот и структурата на администрацијата се детално разработени во првиот квартал од проектот заклучно со декември 2016 и на располагање се системски податоци за:

- Обемот на вработувањето во однос на вкупното население, како и компаративни податоци за истиот соодност во другите земји од Европа и светот,
- Обемот на вработувањата во локалната администрација на регионална основа,
- Степенот на јавните расходи наменети за плати во администрацијата, како и нивото на расходи поврзано со бруто домашниот производ итн.

Обработени се и одредени податоци за општата перцепција на ефикасноста на административните услуги и нивото на корупција во државниот и јавниот сектор.

Во однос на опсегот на вработени во административни услуги и во јавниот сектор, индикациите покажуваат дека потврдениот број од страна на државните органи на национално ниво треба да се зголеми или корегира за околу 10-20% за да може вкупната бројка на вработени во администрацијта да ја одрази реалната состојба. Зголемувањето се должи на бројот на работници кои се ангажирани од страна на Агенцијата за привремени вработувања и/или работат со привремени договори. Тековните постапки за вработување и селекција на вработените ќе бидат понатаму следени низ една голема теренска анкета која ќе се спроведе на репрезентативен примерок за да се утврдат ставовите и мислењата на граѓаните за политизираноста на вработувањата во администрацијата, како и вкупниот впечаток кој го создава администрацијата на граѓаните на кои им служи.

Првичните податоци покажаа исто така дека задоволството на граѓаните од услугите на административните и јавните службеници, не се следи на систематска основа од страна на институциите. Имено помалку од 3-5% од институциите користат одредени методи кои го следат задоволството на граѓаните или бараат било каков доказ за ефективност на добиените услуги, со цел да се види каков е ефектот на нивната работа во однос на граѓаните и како истите услуги да се подобрат во иднина. Тоа е случај само со неколку институции од околу 120 национални и/или локални институции кои се вклучени во примерокот. Овој аспект на

услугите ќе биде дополнително обработен со една поголема анкета која ќе се спроведе во наредниот квартал од проектот.

Во однос на конкретните активности кои беа спроведени во периодот од 5 месеци започнувајќи со август до декември 2016, може да ги издвоиме следните постигнувања:

- Формиран и воспоставен тим на проектот;
- Разработена матрица за следење на одредени теми и индикатори за ефикасност на државната и јавната администрација;
- Разработен соодветен протокол за следење во однос на начин и методи за прибирање на податоците, како и методите на нивна обработка;
- Подготвен појдовен извештај со преглед на прелиминарни очекувања или трендови во однос на набљудуваните состојби и индикаторите на следење;
- Изготвени барања за пристап до информации од јавен карактер кои се упатени до околу 120 институции на национална и локална основа;
- Прибрани податоци и подготвена база за внес на податоците, како изработка на повеќе од 15-20 прегледи за различни теми и состојби со обемот на вработени, структура на вработени, број на нови реализирани вработувања, како и многу други податоци.

## *Регионални активности*

***Воспоставување на WeBER платформата за реформи во јавната администрација***

Претставник од Центарот за управување со промени (ЦУП) учествуваше на регионалниот настан за воспоставување на WeBER платформата, кој се одржа на 16 ноември, 2016 година, во Подгорица, Црна Гора.

За време на настанот во Подгорица, регионалната ПАР мониторинг методологија беше презентирана и дискутирана со претставници на ГО, како и Стратегијата за комуникација на граѓанските организации, двете развиени во рамки на WeBER проектот. Дополнително, беше потпишан Меморандум за соработка од страна на членки на WeBER платформата.

WeBER платформата е регионална консултативна платформа за следење на реформата на јавната администрација, која се спроведува во рамките на проектот „Овозможување на граѓанското општество во Западниот Балкан за мониторинг на реформата на јавната администрација – ВеБЕР'' финансиран од Европската унија и ко-финансиран од Кралството Холандија. WeBER платформата во која ССМ е членка, се состои од 25 граѓански организации од регионот на Западен Балкан. PAR мониторинг методологијата развиена преку проектот WeBER е на располагање на организации членки на Платформата, која ќе го олесни иднина подготовка на

двете национални и регионални извештаите за следење на реформите во јавната администрација.

Покрај претставниците од Македонија, вкупното членство се состои од претставници од Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора. Главните цели на WeBER платформата се: 1) Да се создадат овозможувачки услови за учество на ГО во мониторинг на реформите во јавната администрација; 2) Воспоставување и продолжување на дијалог базиран на докази, помеѓу граѓанското општество и владините претставници од Западен Балкан, како и меѓународни и регионални организации и институции.

*Одржана работилница за експерти и практичари во Белград - Србија*

Во декември, 2016, во Белград, Србија, претставници од Центарот за управување со промени земаа учество на работилницата за експерти и практичари, организирана од страна на српското Министерство за внатрешни работи и Меѓународната менаџмент група.

Настанот беше поврзан со Реформата за Јавниот Сектор во Југоисточна Европа. Тимот на ЦУП ги сподели своите искуства и научените лекции од спроведувањето на реформата за Човечки Ресурси во Република Македонија, како и воспоставувањето на рамката за компетентност во јавната администрација.

Целта на работилницата беше да се дискутира за модерните пристапи во развојот на организацијата и управувањето со човечките ресурси, и да се споделат искуства од земјите во регионот. Настанот беше дел од поголема програма “Поддршка на стратегискиот менаџмент и развој на капацитетите на српското Министерство за внатрешни работи за интегрирање во ЕУ, финансиран од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА).

## *ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД 01.01.2016-31.12.2016*

# Приходи

| | |
|---|---|
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 4,488.00 ден. |
| Приходи од проекти грантови | 16,564,149.00 ден. |
| Приходи од сопствена дејност | 325,789.00 ден. |
| Приходи од надомест на трошоци | 215,622.00 ден. |
| Приходи од отпис на обврски | 413.00 ден. |
| Пренесен вишок од минатата година | 8,529,734.00 ден. |
| Вкупни приходи | 25,640,195.00 ден. |

# Трошоци

| | |
|---|---|
| Трошоци за банкарска провизија | 36,374.00 ден |
| Трошоци од негативни курсни разлики | 1,360.00 ден. |
| Трошоци за реклама | 187,978.00 ден. |
| Сметководствени услуги | 75,105.00 ден. |
| Авторски договори | 273,149.00 ден. |
| Услуги по договор за дело | 1,643,777.00 ден. |
| Интелектуални услуги | 1,096,394.00 ден. |
| Трошоци за бруто плати | 2,036,468.00 ден. |
| Трошоци за вработени лица | 105,436.00 ден. |
| Трошоци за канцелариски материјали и материјали за проекти | 63,849.00 ден. |
| Трошоци за комуналии | 25,294.00 ден. |
| Останати расходи | 51,810.00 ден. |
| Трошоци за печатење, фотокопирање, графичка дејност, укор | 776,291.00 ден. |

| | |
|---|---|
| Трошоци за компјутерски сервисни услуги | 19,029.00 ден. |
| Трошоци за закупнина | 335,386.00 ден. |
| Трошоци за интернет услуги,пошта,телефон | 7,593.00 ден. |
| Трошоци за угостителски и хотелски услуги за проектни активности | 104,099.00 ден. |
| Трошоци за опрема, машини, компјутери и сл. | 269,336.00 ден. |
| Трошоци за изнајмување на сали и опрема | 40,013.00 ден. |
| Трошоци за обуки | 86,673.00 ден. |
| Пренесени средства на други субјекти | 9,826,694.00 ден. |
| Патни трошоци за проектни активности | 274,509.00 ден. |
| Трошоци за тековно одржување | 134,050.00 ден. |
| Трошоци за останати услуги | 10,825.00 ден. |
| Вкупни трошоци | 17,481,492.00 ден. |

| | |
|---|---|
| Данок на непризнати трошоци за 2016 година | - ден. |
| Наменски средства за 2017 година | 8,158,703.00 ден |

Бул.Кузман Ј. Питу бр.15 лок 11, audit@macedonia.cc тел: 02/2465-243, 2401-371; Факс 02/2401-372

**До**

Собранието и Извршниот одбор на

*Здружението за развој Центар за управување со промени*

## РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Центарот за управување со промени (Во натамошниот текст ЦУП Скопје), кои вклучуваат биланс на состојбата на ден 31.12.2016 година и билансот на приходи и расходи за периодот кој што завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен весник на Република Македонија бр. 79 од 11 јуни 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи, во сите значајни аспекти, даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2016 година и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Македонија.

За Ефект Плус Скопје

Овластен ревизор кој ја вршел ревизијата

Миов Николаки

Управител

Миов Николаки

Скопје, 30.06.2017 година

